Јавно претпријатие за комунални дејности
КОМУНА П.О.
Бр. 01-4411
26.02 2018 Год.
КРУШЕВО

Архивски знак 0102
Рок на чување трајно
26.02 2018 год.
Потпис

# ЈП "КОМУНА"

*Крушево*
*тел.(048) 477-169*
*(048) 476-469*
*фак.(048) 477-169*
*ж.с-ка 200000014117760*
*МК 4016993100135*
*Стопанска банка а.д. Крушево*

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ЗА 2017 ГОДИНА

### ВОВЕД

Ј.П. Комуна - Крушево е јавно претпријатие основано од Советот на општина Крушево за обавување на следните дејности:

- Собирање,транспортирање и депонирање на комунален цврст и индустриски одпад како и одржување на депониите.
- Одржување на јавна чистота.
- Чистење на улици патишта и други инфраструктурни објекти од локално значење од секаков вид на комунален одпад.
- Одржување и користење на паркови и зеленило
- Одржување на гробишта
- Снабдување со вода за пиење изведување ,одржување и реконструкција на водоводната мрежа.
- Изведување,одржување и реконструкција на фекалната и атмосверска канализациона мрежа
- Одржување и користење на пазари на мало.
- Издавање и одржување на паркинг простор,украсување на населени места и
- Други дејности согласно со Закон

### I . Организациона поставеност

Согласно Статутот на Јавното претпријатие деловната активност јавното претпријатие ја обавува преку следните сектори

1.Сектор за заеднички служби
1.1 Одделение за општо правни работи и човечки ресурси
1.2 Одделение за сметководство и наплата

2.Технички сецтор
2.1 Одделение за водовод и канализација
2.2 Одделение за собирање,транспортирање и депонирање на отпад
2.3 Одделение за гробишта

## II. Техничка опременост

Јавното претпријатие располага со деловен фонд формиран со негово основање,доградуван односно намалуван со статутарни промени односо делбени биланси во изминатиот период, при што во деловната 2017г влегува со долу посоченит фонд:

1.Градежни објекти:
- Канцелариски простории(дирекција)
- Деловен простор т.н. цвекара со канцелариски ,магацински простории и гаражи
- Коњушница со помошни просторуии
- Водоснабдителни цевководи,резервоари пумпни станици со пратечки објекти
- Пумпна станица во с. Норово
- Регионален водовод Бучин
-

## III. Транспортни средства

- Три трактори со приколица за превоз на смет (1988,2002,2006)
- Патвичко возило лада нива (1990)
- Погребално моторно возило лада нива (1980)
- Товарно моторно возило фап 13/14 (1981)
- Пежо 106 (добиено со одлука на Совет од ЕЛС )
- Стара градежна машина СКИП (добиено со одлука на Совет од ЕЛС)
- Нова градежна машина СКИП (добиено со одлука на Совет од ЕЛС)
- Специјално возило за собирање на смет (добиено со одлука на Совет од ЕЛС)
- Вибрационен валјак
-

## IV. Кадровска структура

Бројот на вработените со договори за работа, на неопределено време во сите сектори изнесува 39,распоредени согласно систематизацијата за работни места.

## V. Реконструкција и доградба на водоводна мрежа

1. Проектот за замена на секундарната мрежа во град Крушево за кој се одобрени потребни парични средства не се реализира во деловната 2017г. И се очекува негова реализација во 2018г.
2. Планираната акција за поставување на водомери надвор од дворните места во селата Врбоец и Саждево не се реализира.
3. Планираната замена на водоводни цевки со должина од 2300м за с.Саждево со црево од ф 90 со јачина од 16 бари како и 16 баски регулатор како би се пуштил во функција постоечкиот резервоар исто така не се реализира.
4. Во деловната 2017г на водоводната мрежа (која е скоро дотраена) во градот Ј.П. Комуна интервенираше околу 70 пати

во одстранувања на дефекти и по селата околу 20 одтранувања на дефекти од различен тип.

5. Исто така се вршеше контрола и се интервенираше на новата водоводна линија од Бушова планина околу 15-тина пати.
6. За подобрување на потрошувачката на вода за пиење во градот се изврши замена на 115 неисправни механизми (мерачи за вода).
7.

## VI.Реконструкција и доградба на канализациона мрежа

Во 2017г се продолжи со одстранување на тесни грла во канализациониот систем ,изработка на шахти од атмосверска вода и канализационата мрежа.
Во 2017г на канализационата мрежа ЈП имаше 20-тина интервенции во одстранување на дефекти од различен тип и поврзување на нови канали.

## VII.Реализација на проект за подобрување на водоснабдувањето на град Крушево по гравитационен пат од Бушова планина

Во 2017г. овој проект не се реализира и покрај одобрените средсва за негова реализација поради недобивање на дозвола за градба од министерството за транспорт и врски .

## VIII. Собирање на комунален смет

Со оглед на расположливите транспортни средства со кои располага претпријатието и организационата структура на вработените, собирањето ,транспортирањето и депонирањето на комуналниот и друг вид на отпад се одвиваше согласно Оперативнот план, односно секојдневно два до три пати неделно и по потреба во недела и празнични денови.

Во континуитет се продолжи со собирање и пакување ПЕТ отпадот.

## IX. Одржување на јавно прометни понршини

Во 2017г. предпријатието тековно си ги обавуваше работите од областа на одржување на ЈПП во градот по насоки утврдени во Програмата за јавна чистота за 2017г. односно секојдневно се одржуваше чистотата во централното градско подрачје а повремено се извршуваше одржување и чистење на излетнички места.

## X. Градски гробишта

Ј.П. Комуна во 2017г продолжи со редовно чистењеи и одржување на градските гробишта а освен тоа планираните активносто во прогамата за 2017г не се реализираја.

## XI. Учество во јавни работи

Од планираните активности по програмата за работа за 2017г реализирани се следните активности:

- Оградување на фитнес зоната
- Водоводен приклучок на салата во с. Бучин
- Изработка на забавен детски парк во с.Белушино.
-

## XII. Финасиско работење

Целокупното финасиски материјално работење на Ј.П. Комуна е во согласност со законските прописи кои се важечки за 2017г.
Целосно се спроведени активностите предвидени со програмата за работа за 2017. и постигнати се подобрени резултати по однос на сите предвидени активности.
Во 2017г редовно се подмирувaa обврските према нашите доверители при што приоритет имаа тековните обврски.
Исто така редовно се сервисираа обврските према ЕВН И ЕЛЕМ во согласност со спогодбите склучени со истите.

## РЕЗИМЕ

Земајки ја во предвид програмата за работа и финасискиот план Ј.П. Комуна Кушево со своето целокупно работење во тековната 2017г.успеа да реализира дел од предвидените активности и покажа позитивен финансиски резултат.

Крушево 19.02.2018 г. Ј.П. Комуна - Крушево

Јавно претпријатие за комунални дејности КОМУНА Крушево П.О.